# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Број 6 МАЈ 2012 година

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Илинден, Мај 2012 година

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/2010), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе :

# Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлуката за одобрување долгорочно задолжување на Општина Илинден

Се објавува Одлуката за одобрување долгорочно задолжување на Општина Илинден бр.10-1402/3 од 28.05.2012 година, што Советот на Општина Илинден ја донесе на 48-та (четириесет и осмата) редовна седница одржана на ден 28.05.2012 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.08-1474/1**
**Од 29.05.2012 година**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 11 став 5 и член 36 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М бр.5/02) и член 20 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07 и бр.156/2009) и член 4 од Законот за јавен долг (Сл. весник на Р.М бр.62/05 и бр.88/08), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 28.05.2012 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за одобрување долгорочно задолжување на Општина Илинден

**Член 1**

Се одобрува долгорочното задолжување на Општина Илинден за **Изградба на инфраструктура за забрзан одржлив економски развој**.

**Член 2**

Долгорочното задолжување на општината е од општ јавен интерес и има економско финансиска оправданост.

Максималниот износ на долгорочното задолжување изнесува 35.000.000,00 денари со максимална каматна стапка до 8%.

**Член 3**

Рокот на отплата на задолжувањето е 5 (пет) години.

Годишното отплаќање на долгот за долгорочно задолжување не може да надмине 30 % од вкупните приходи на тековнооперативниот буџет на општината од претходната фискална година во годината на задолжувањето.

**Член 4**

Постапката за задолжување ќе отпочне по претходна согласност на Министерството за финансии.

Општината е должна да потпише Договор за заем и истиот заедно со амортизационен план да го достави во рок од 10 (десет) работни дена од денот на неговото потпишување до Министерството за финансии.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Марјан Милошевски с.р.**

**Архивски број: 07-1402/3**
**Датум на донесување: 28.05.2012г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/2010), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе :

# Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените по Барање на податоци бр.10-1340/1 за КП бр.378 КО Марино**

Се објавува Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените по Барање на податоци бр.10-1340/1 за КП бр.378 КО Марино, бр.10-1402/4 од 28.05.2012 година, што Советот на Општина Илинден ја донесе на 48-та (четириесет и осмата) редовна седница одржана на ден 28.05.2012 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.08-1474/2**
**Од 29.05.2012 година**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Закон за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02 ), член 12 став 1 алинеа 7 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.весник на РМ бр.23/11 и бр.54/11) и член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (Сл.весник на РМ бр.56/11), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 28.05.2012 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените по Барање на податоци бр.10-1340/1 за КП бр.378 КО Марино

**Член 1**

Со ова Одлука се утврди да се донесе урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намена во Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино со Одлука број 07-1102/7 од 27.12.2005 година, заради вклопување на бесправно изграден објект–ТС (трафостаница) „с.Марино“ изграден на КП бр.378 КО Марино.

**Член 2**

Донесувањето на урбанистичко планска документација од член 1 е утврдена во постапката по Барање на податоци бр.10-1340/1 од 10.05.2012 година доставено од Министерство за транспорт и врски, за донесување на Одлука за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект – ТС (трафостаница) „с.Марино“ изграден на КП бр.378 КО Марино, чија што намена не е во согласност со намената на земјиштето – Сообраќајница, утврдена со Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службениот гласник на Општина Илинден.

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Марјан Милошевски с.р.**

**Архивски број: 07-1402/4**
**Датум на донесување: 28.05.2012г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/2010), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе :

# Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените по Барање на податоци бр.10-1339/1 за КП бр.247/1 КО Марино

Се објавува Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените по Барање на податоци бр.10-1339/1 за КП бр.247/1 КО Марино, бр.10-1402/5 од 28.05.2012 година, што Советот на Општина Илинден ја донесе на 48-та (четириесет и осмата) редовна седница одржана на ден 28.05.2012 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.08-1474/3**
**Од 29.05.2012 година**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Закон за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02 ), член 12 став 1 алинеа 7 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.весник на РМ бр.23/11 и бр.54/11) и член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (Сл.весник на РМ бр.56/11), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 28.05.2012 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените по Барање на податоци бр.10-1339/1 за КП бр.247/1 КО Марино

**Член 1**

Со ова Одлука се утврди да се донесе урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намена во Урбанистички план за село Илинден измена и дополна- локалитет Спортски центар, општина Илинден, плански период 2007-2017 година донесен од Советот на општина Илинден со Одлука бр.07-1356/5 од 27.07.2007 година, заради вклопување на бесправно изграден објект –Електроенергетски објект-Трафостаница ТС 10/0,4, кВ „с.Белимбегово 11“ со намена (ОО/П), изграден на КП бр.247/1 КО Марино.

**Член 2**

Донесувањето на урбанистичко планска документација од член 1 е утврдена во постапката по Барање на податоци бр.10-1339/1 од 10.05.2012 година доставено од Министерство за транспорт и врски, за донесување на Одлука за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект – Електроенергетски објект-Трафостаница ТС 10/0,4, кВ „с. Белимбегово 11“ изграден на КП бр.247/1 КО Марино, чија што намена не е во согласност со намената на земјиштето – В1-Образование и наука со компатибилни класи на намени А3, Д1 и Д3, утврдена со Урбанистички план за село Илинден измена и дополна- локалитет Спортски центар, општина Илинден, плански период 2007-2017 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службениот гласник на Општина Илинден.

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Марјан Милошевски с.р.**

**Архивски број: 07-1402/5**
**Датум на донесување: 28.05.2012г.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/2010), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе :

# Р Е Ш Е Н И Е

## за објавување на Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување во просторот на бесправно изграден објект по Барање на податоци бр.10-1342/1 од 10.05.2012 година

Се објавува Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување во просторот на бесправно изграден објект по Барање на податоци бр.10-1342/1 од 10.05.2012 година, бр.10-1402/6 од 28.05.2012 година, што Советот на Општина Илинден ја донесе на 48-та (четириесет и осмата) редовна седница одржана на ден 28.05.2012 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.08-1474/4**
**Од 29.05.2012 година**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Закон за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М бр.05/02), член 20 став 1 точка 6 и точка 43 од Статутот на општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.15/10) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.12/09), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 28.05.2012 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување во просторот на бесправно изграден објект по Барање на податоци бр.10-1342/1 од 10.05.2012 година

### Член 1

Со ова Одлука се утврди да се донесе урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување во просторот на бесправно изграден објект – Електроенергетски објект (столбна трафостаница) ТС 10/0,4 кВ „Бунар Белви" кој што е изграден на КП бр.1501 КО Илинден.

### Член 2

Донесувањето на урбанистичко планска документација од член 1 е утврдена во постапката по Барање на податоци бр.10-1342/1 од 10.05.2012 година доставено од Министерство за транспорт и врски.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службениот гласник на Општина Илинден.

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Марјан Милошевски с.р.**

**Архивски број: 07-1402/6**
**Датум на донесување: 28.05.2012г.**

# СОДРЖИНА

**1.**Решение за објавување на Одлуката за одобрување долгорочно задолжување на Општина Илинден, бр.08-1474/1 од 29.05.2012 година;

**2.**Одлука за одобрување долгорочно задолжување на Општина Илинден” бр.07-1402/3 од 28.05.2012 година;

**3.**Решение за објавување на Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши usогласување на намените по Барање на податоци бр.10-1340/1 за КП бр.378 КО Марино, бр.08-1474/2 од 29.05.2012 година;

**4.**Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши usогласување на намените по Барање на податоци бр.10-1340/1 за КП бр.378 КО Марино, бр.07-1402/4 од 28.05.2012 година;

**5.**Решение за објавување на Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши usогласување на намените по Барање на податоци бр.10-1339/1 за КП бр.247/1 КО Марино, бр.08-1474/3 од 29.05.2012 година:

**6.**Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши usогласување на намените по Барање на податоци бр.10-1339/1 за КП бр.247/1 КО Марино, бр.07-1402/5 од 28.05.2012 година;

**7.**Решение за објавување на Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување во просторот на бесправно изграден објект по Барање на податоци бр.10-1342/1 од 10.05.2012 година, бр.08-1474/4 од 29.05.2012 година и

**8.**Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување во просторот на бесправно изграден објект по Барање на податоци бр.10-1342/1 од 10.05.2012 година, бр.07-1402/6 од 28.05.2012 година.